Приходите од став 1 на овој член ќе се уплатуваат на сметка на Буџетот најмалку еднаш во три месеци по поднесувањето на периодичната пресметка.

Член 21

Ако приходите што со својата дејност ги остваруваат републичките органи на управата, како и други приходи што му припаѓаат на Буџетот бидат погрешно наплатени или ќе се наплатат во износ поголем од пропишаниот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а ако такви приходи нема — на товар на другите видови на приходи.

Решение за враќање на приходите од став 1 на овој член донесува републичкиот секретар за финансии.

Член 22

Ако средствата на Буџетот распоредени по корисници на средства, бидат погрешно исплатени или исплатени во износ поголем од пропишаниот потребно или повеќе исплатениот износ ќе се врати во Буџетот.

Решение за враќање на средства од став 1 на овој член, донесува републичкиот секретар за финансии, ако со закон не е поинаку определено.

Член 23

Средствата од Буџетот за материјални трошоци и посебни намени, кои се распоредени на корисниците на средствата, а не се потрошени, се враќаат на Буџетот најдоцна до 15 јануари 1986 година, доколку со закон или друг акт на Собранието на Социјалистичка Република Македонија не е поинаку определено.

Член 24

Редовните судови барателн на вештачење од член 9 од Законот за основање и работа на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот („Службен весник на СРМ" број 9/77) ќе му ги надоместуваат на Заводот трошоците за судските вештачења што тој ќе ги изврши по кривични предмети што се водат по службена должност, стопански престапи и за вештачење по прекршочна постапка, откако тие ќе се наплатат од осудениот односно казнетиот.

Член 25

Од нераспоредениот дел на приходите (тековната буџетска резерва), по правило, не можат да се одобруваат средства по барање за намените што не се усвоени при донесувањето на Буџетот.

Член 26

Буџетот се извршува од 1 јануари до 31 декември 1985 година.

По исклучок од став 1 на овој член, обврските по основа на придонесот на Буџетот на Федерацијата можат да се извршуваат до 31 јануари 1986 година.

За намирување на обврските од став 2 на овој член ќе се користат приходите што ќе се наплатат до крајот на 1985 година.

Член 27

Од средствата за амортизација на обврските на републичките органи на управата предвидени во Буџетот, 80% се внесуваат на средствата од член 14 на овој закон, ако со одделен закон не е поинаку определено.

Средствата од став 1 на овој член ќе се користат за реализација на Програмата за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката.

Член 28

Ако со контролата се утврди дека организацијата на здружениот труд што се занимава со превоз на патници во јавниот сообраќај врз основа на неточна документација наплатила од Буџетот средства на име надоместок за искористени повластици за групни патувања на деца и младинци, должна е така наплатените средства да ги врати во Буџетот заедно со камата по стапка од 0,05% дневно. Каматата се пресметува од денот кога тие средства се наплатени до денот на нивното враќање.

Член 29

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

## 552.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1984 ГОДИНА

Се прогласуваат измените на Републичкиот буџет за 1984 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1984 година.

Бр. 08-3485
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Томе Буклески,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

## ИЗМЕНИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1984 година („Службен весник на СРМ“ број 38/83 и 34/84), во член 1 став 1 износот „16.121.000.000“ се заменува со износот „16.469.248.000“, а во став 2 точка 2 износот 4.153.406.000 се заменува со износот „4.501.654.000“.

Член 2

Во член 3 — Биланс на приходите и расходите на Републичкиот буџет за 1984 година во оддел I. Приходи, во точката 2, Трансферни средства Група 78 — Приходи од други ОПЗ во форма на приходите 782 — Дополнителни средства примени од Федерацијата, на двете места и во ставовите — сè група 78 и вкупно трансферни средства износот „4.153.406.000“ се заменува со износот „4.501.654.000“. Во ставката вкупно приходи (71—78) износот „16.121.000.000“ се заменува со износот „16.469.248.000“.

Во Оддел II. Расходи, Група 43 — Средства за поттикнување на развојот за интервенции во стопанството и поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја, на контото 433 — Други потреби и интервенции во стопанството износот „99.000.000“ се заменува со износот „399.000.000“ и вкупниот износ на Група 43, на двете места „751.000.000“ се заменува со износот „1.051.000.000“ и во Групата 45 — Средства за општествени дејности. на контото 456 — Средства за здравствена заштита и здравствено осигурување износот „111.470.000“ се заменува со износот „159.718.000“ и вкупниот износ на Групата 45, на двете места „1.116.645.000“ се заменува со износот „1.164.893.000“. Во ставката — Вкупно расходи (40—48) износот „16.121.000.000“ се заменува со износот „16.469.248.000“.

Член 3

Во член 4 во почетокот износот „16.121.000.000“ се заменува со износот „16.469.248.000“.

1. Во Раздел 20 — Републички комитет за здравство и социјална политика, позиција 246, контото 456 — Трошоци за здравствена заштита на учесниците во НОВ износот „46.000.000“ се заменува со износот „94.248.000“ и во ставката основна намена износот „458.820.000“ се заменува со износот „507.068.000“.

2. Во Раздел 64 — Средства на резервите и за други обврски на Републиката, група 43, се додаваат две нови позиции кои гласат:

| | | |
|---|---|---|
| „571 а | — Учество на Републиката за реализација на Програмата за користење на средствата за поттикнување на развојот за земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи во 1984 година | 230.000.000 |
| 571 б | — Општина Кавадарци — за исплата на личните доходи на вработените во ФЕНИ, за ноември и декември 1984 година | 70.000.000“ |

Во ставката вкупно раздел 64 (позиции од 565 до 575) и во рекапитулацијата, износот „2.395.279.000“ на четирите места се заменува со износот „2.695.279.000“.

Член 4

Овие измени влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.

## 553.

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 89 став 1 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1984 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА СУДИИТЕ-ПОРОТНИЦИ ВО ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА, ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ, СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И ВО ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ

I

Во Одлуката за утврдување на бројот на судиите — поротници во Врховниот суд на Македонија, окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и во окружните стопански судови („Службен весник на СРМ“ број 25/76 и 42/80). во точката I потточките 6, 7 и 8 се менуваат и гласат:

„6. Во Окружниот стопански суд во Скопје 300 судии-поротници;

7. Во Окружниот стопански суд во Битола 120 судии-поротници;

8. Во Окружниот стопански суд во Штип 105 судии-поротници“.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3487
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

**554.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИ ЗА ИЗБОР НА ДЕКАНИ НА ВИСОКООБРАЗОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

За членови на Комисијата за избор на декан на ООЗТ Машински факултет во Скопје се именуваат:

Киро Стаменков, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, раководител на Машинско одржување во ООЗТ „Пластин“ при ОХИС Скопје и

Миодраг Поповски, извршен секретар на Претседателството на ОК СКМ Карпош — Скопје.

За членови на Комисијата за избор на декан на ООЗТ Архитектонски факултет во Скопје се именуваат:

Панде Андреевски, извршен секретар на Претседателството на Општинскиот комитет на СКМ Карпош — Скопје и

Серафим Апостолов, инж. арх., раководител на ГРО „Бетон“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3478
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

**555.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста претставник на општествената заедница во Советот на Медицинскиот факултет во Скопје

Ефтим Петровски, на негово барање, поради презафатеност.

За претставник на општествената заедница во Советот на Медицинскиот факултет во Скопје се именува

Љубомир Поповски, извршен секретар на Претседателството на Општинскиот комитет на СКМ „Центар“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3477
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

**556.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за ортопедски болести при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Ратка Бакалиноска,
д-р Мане Манев и
Трајче Велков.

За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за ортопедски болести при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

Ѓулистана Јумлеровска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

Никола Кацарски, секретар на Собранието на општината Карпош — Скопје и

д-р Исо Салиу, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3476
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

**557.**

Врз основа на член 167 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА ОРТОПЕДИЈА, ТРАУМАТОЛОГИЈА И КОСТНОЗГЛОБНА ТУБЕРКУЛОЗА — ОХРИД

Се дава согласност на Одлуката на Работничкиот совет на Специјалната болница за ортопедија, трауматологија и костнозглобна туберкулоза — Охрид, број 02-1645 од 14 ноември 1984 година, со која за директор на Болницата е именуван прим. д-р Гере Ангелевски, досегашен директор на Болницата.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3474
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

---

**558.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ООЗТ ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за избор на декан на ООЗТ Филозофски факултет се именуваат:

Томо Софрониевски, член на Советот на Републиката и

Томе Треневски, извршен секретар на Претседателството на Општинскиот комитет на СКМ Гази Баба — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3479
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

**559.**

Врз основа на член 167 од Законот за здравство („Службен весник на СРМ“ број 10/83), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА БОЛНИЦАТА ЗА ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ — ДЕМИР ХИСАР

Се дава согласност на Одлуката на Советот на Болницата за душевни болести — Демир Хисар, број 02-385/3 од 31 октомври 1984 година, со која за директор на Болницата е именуван д-р Димитар Петровски, досегашен директор на Болницата.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3473
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

---

**560.**

Врз основа на член 10 од Општествениот договор за утврдување на изворите на средствата за финансирање на стоковните резерви, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржана на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ВО ОДБОРОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

За член на Одборот за следење на спроведувањето на Општествениот договор за утврдување на изворите на средствата за финансирање на стоковните резерви се определува

Дургут Един овски, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и претседател на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3475
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

**561.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 4 од Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи („Службен весник на СРМ“ број 37/83, 8/84 и 17/84), Собранието на СР Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНАТА НА НЕКОИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ВО 1984 ГОДИНА

I

Во Програмата за користење на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи во 1984 година („Службен весник на СРМ“ број 8/84, 14/84, 25/84 и 34/84), во делот I износот „2.502,2“ се заменува со износот „2.792,5“.

II

Во делот II во алинеја 4 се додава нова алинеја, која гласи:

— компензација на цената на лебот, во износ до 150 милиони динари.

Досегашните алинеи 5 и 6 стануваат 6 и 7.

III

По дел VI, се додава нов дел VI-а кој гласи:

„VI-а

Средствата од дел II алинеја 4 од оваа програма, ќе се користат за компензација на цената на лебот на организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство на леб на територијата на СР Македонија за произведените количества леб од 1 септември до 31 декември 1984 година, во износ од 3,00 дин/кг.

Компензацијата од став 1 на овој дел ќе се остварува доколку општината исплатила најмалку 5,00 дин/кг.“

IV

По дел X се додава нов дел X-а кој гласи:

„X-а

Обврските по оваа програма но најмногу до износот од дел I можат да се извршуваат до 31 јануари 1985 година.

За намирување на обврските од став 1 на овој дел, ќе се користат приходите за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи што ќе се наплатат до крајот на јануари 1985 година, а кои се однесуваат на 1984 година“.

V

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3489
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

**562.**

Врз основа на член 4, став 2 од Законот за пренесување на средства на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството врз организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 9/74, 20/74, 25/76, 15/77, 42/77, 17/78, 41/78, 13/80, 6/81, 20/81 и 38/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИКАТА НАМЕНЕТИ ЗА МЛАДИНСКИ РАБОТНИ АКЦИИ ВО 1984 ГОДИНА

Се одобрува Програмата за користење на средствата на Републиката наменети за младински работни акции во 1984 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3488
26 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

**563.**

Врз основа на член 393, точка 4 од Уставот на СР Македонија и член 169 од Деловникот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## УРЕДБА
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА УРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОЛИЧИНИТЕ НА МОТОРЕН БЕНЗИН И ДИЗЕЛ ГОРИВО ЗА ПАТНИЧКИТЕ ВОЗИЛА, ТРАКТОРИТЕ И МАШИНИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА БОНОВИ

Точка 1

Уредбата за определување на количините на моторен бензин и дизел гориво за патничките возила, тракторите и машините врз основа на бонови („Службен весник на СРМ“, бр. 49/82, 7/83, 16/83 и 22/84), престанува да важи на ден 31. XII. 1984 година.

Точка 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2003/1
27 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**564.**

Врз основа на член 39 од Законот за системот на финансирање на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 44/77 и 37/83) и член 7 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1984 година („Службен весник на СРМ“ бр. 38/83 и 34/84), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА НАМЕНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ УТВРДЕНИ СО РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1984 година („Службен весник на СРМ“ бр. 38/83 и 34/84). се вршат следниве измени на средствата за посебни намени и тоа:

1. Во Раздел 56 — Казнено-поправен дом од отворен вид — Струга, се вршат следниве измени:

— позиција 500, конто 400 — лични доходи на работниците во Работната заедница, износот „3.308.000“ се заменува со износот „1.600.000“;

— позиција 502, конто 401 — материјални трошоци, износот „800.000“ се заменува со износот „400.000“;

— позиција 504, конто 410 — лични доходи на функционерите и на раководните работници, износот „385.000“ се брише; и

— позиција 505, конто 418 — посебни материјални трошоци, износот „1.080.000“ се заменува со износот „673.000“.

2. Во Раздел 63 — средства за компензации и регреси, позиција 564, конто 431 — Регреси за повластици во патниот сообраќај, семенски материјал за пченица и вештачки ѓубрива износот „362.000.000“ се заменува со износот „364.900.000“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1985/1
27 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**565.**

Врз основа на член 49, став 2 од Законот за воените инвалиди („Службен весник на СРМ“ бр. 29/73, 45/74 ,42/77, 11/81, 13/84 и 39/84), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ НА ИНВАЛИДСКИОТ ДОДАТОК, ПОСЕБНИОТ ИНВАЛИДСКИ ДОДАТОК И МАТЕРИЈАЛНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

1. Износите на инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација од 1 јули 1984 година се зголемува за 17,40%.

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1998/1
27 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**566.**

Врз основа на член 19, став 2 од Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна („Службен весник на СРМ“ бр. 20/77, 27/78, 11/81, 13/84 и 39/84), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ НА МАТЕРИЈАЛНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА

1. Износите на материјалното обезбедување утврдени според член 18 и 19 од Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна, од 1 јули 1984 година се зголемуваат за 17,40%.

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1999/1
27 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**567.**

Врз основа на член 37 од Законот за општествените совети и за републичките општествени совети („Службен весник на СРМ“ бр. 24/80) и член 45 од Деловникот на Општествениот совет за прашања на општественото уредување, Републичкиот општествен совет за прашања на општественото уредување, на седницата одржана на 14 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СОВЕТ ЗА ПРАШАЊА НА ОПШТЕСТВЕНОТО УРЕДУВАЊЕ

1. За претседател на Општествениот совет за прашања на општественото уредување со мандат од една година се избира Васко Костојчиноски, претседател на Советот на синдикатите на Социјалистичка Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 28-1/25
19 декември 1984 година
Скопје

Претседател на Советот,
**Ристо Џунов,** с. р.

**568.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 декември 1984 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за запечатување на ловечкото оружје, донесена од Ловното риболовно друштво „Осогово“ во Кочани, на редовното годишно собрание одржано на 29 април 1984 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означеното Ловно-риболовно друштво на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 138/84 од 24 октомври 1984 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 на оваа одлука. Постапката е поведена затоа што основано се постави прашањето за согласноста на оспорената Одлука со Уставот на СР Македонија и со Законот за ловство („Службен весник на СРМ“ бр. 5/73).

4. Судот на седницата утврди дека оспорената Одлука е донесена на 29 април 1984 година на редовното годишно собрание на означеното Друштво. Со оваа Одлука е предвидено запечатување на ловечкото оружје на членовите на Друштвото, за време на ловостојот. Според член 2 од оваа одлука, отпечатувањето на ловечкото оружје ќе се изврши непосредно пред отпочнувањето на ловната сезона. По потреба, заради уништување на штетен дивеч и организирање на хајки или при појава на штетник (волк), според членовите 3 и 4 од оваа одлука, ќе се дозволи отпечатување на одреден број ловечко оружје.

5. Според член 168 став 1 од Уставот на СР Македонија, само со закон и со одлука на собрание на општина заснована на закон, на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници, здруженијата на граѓаните и други организации може да им се довери со свои акти да уредуваат определени односи од поширок интерес во областа на својата дејност, да решаваат за поединечни предмети за определени права и обврски и да вршат други јавни овластувања.

Од означената уставна одредба произлегува дека ловечкото друштво како здружение на граѓани само со закон и со одлука на собрание на општина заснована на закон може да биде овластено со свои акти да уредува определени односи од поширок интерес и да решава во поединечни права и обврски. Од друга страна со член 15 од Законот за ловство се определува времето на ловостојот за секој вид од заштитениот дивеч, а привремена или трајна забрана на ловење на дел или на целото подрачје на општината на редок или прореден дивеч за кој постои опасност од истребување, согласно член 18 став 1 од овој Закон, може да пропише општината.

Меѓутоа, во Законот не е предвидена обврска за време на ловостојот да се врши запечатување на ловечкото оружје и не е дадено овластување на определени органи и организации со свои акти да предвидат запечатување на тоа оружје.

Со оглед на тоа Судот утврди дека ловечкото друштво не е овластено да предвидува запечатување на ловечкото оружје за време на ловостојот на заштитениот дивеч и дека поред тоа оспорената Одлука не е во согласност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука

У. бр. 138/84
12 декември 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

**569.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 ноември 1984 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 16 точка 4 став 1 од Правилникот за мерилата, критериумите и постапката за доделување на заем за станбена изградба и за доделување станови на користење од општествена станбена изградба на корисниците на пензија, донесена од Собранието на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Битола, на седницата одржана на 20 јуни 1984 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Битола.

3. Уставниот суд на Македонија по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 188/84 од 18 октомври 1984 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбата означена во точката 1 на оваа одлука. Постапката е поведена затоа што основано се постави прашањето за согласноста на таа одредба со член 10 став 2 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73 и 14/75).

4. На седницата Судот утврди дека, според член 16 точка 4 став 1 од оспорениот Правилник, како членови на семејното домаќинство на носителот на станарското право се сметаат брачниот другар, децата родени во брак или надвор од бракот или посвоени, посинци и внучиња без родители до 18 години, а ако редовно се школуваат до 26 години, родителите татко, мајка, очув, маќеа или усвоител и други лица кои носителот на станарско право е должен да ги издржува или тие се должни да го издржуваат носителот на станарското право, а кои трајно живеат со него.

5. Според член 10 став 2 од Законот за станбените односи како членови на семејното домаќинство на носителот на станарското право се сметаат брачниот другар, децата на носителот на станарското право и на неговиот брачен другар, како и лицата што носителот на станарското право е должен да ги издржува, а кои заедно со него трајно живеат.

Со оглед на тоа што со оспорената одредба од означениот Правилник како членови на семејното домаќинство се предвидени децата родени во брак, или надвор од бракот или посвоени, посинци и внучиња без родители само до 18 години, односно до 26 години, доколку се на редовно школување, Судот утврди дека со тоа се стеснува кругот на членовите на семејното домаќинство, односно дека оваа одредба не е во согласност со член 10 став 2 од Законот за станбени односи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 188/84
21 ноември 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 779 од 6. VII. 1984 година, на регистарска влошка бр. 1-451-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување — привремен управник на Здравствената работна организација — Здравствен дом на железничарите „Железничар" Ц. О. — Скопје, ул „Васил Ѓоргов" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник д-р Костадин Гушев, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Милан Порјазов, привремен управник, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 779/84. (300)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 755 од 29. VI. 1984 година, на регистарска влошка бр. 1-315-0-0-0 го запиша во судскиот регистар бришењето на РО поради здружување СОЗТ — Музеи на Македонија — Археолошки музеј на Македонија — Ц. О. — Скопје, со следните податоци: Во судскиот регистар на регистарскиот суд се запиша бришењето на работната организација СОЗТ Музеи на Македонија — Археолошки музеј на Македонија, Ц. О. — Скопје, поради здружување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 755/84. (301)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 756 од 29. VII. 1984 година, на регистарска влошка бр. 1-202-0-0-0 го запиша во судскиот регистар бришењето поради здружување на СОЗТ Музеи на Македонија — Историски музеј на Македонија, Ц. О. — Скопје, со следните податоци: Во судскиот регистар на регистарскиот суд се запиша бришењето на работната организација СОЗТ Музеи на Македонија — Историски музеј на Македонија, Ц. О. — Скопје, поради здружување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 756/84. (302)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр 757 од 29. VI. 1984 година, на регистарска влошка бр. 1-180-0-0-0 го запиша во судскиот регистар бришењето поради здружување на СОЗТ Музеи на Македонија — Етнолошки музеј на Македонија, Ц. О. — Скопје, со следните податоци: Во судскиот регистар на регистарскиот суд се запиша бришењето на работната организација СОЗТ Музеи на Македонија — Етнолошки музеј на Македонија Ц. О. — Скопје, поради здружување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 757/84. (303)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 758 од 29. VI. 1984 година, на регистарска влошка бр. 1-1277-0-0-0 го запиша во судскиот регистар бришењето на СОЗТ Музеи на Македонија — Археолошки, Етнолошки и Историски музеј, Н. Сол. О — Скопје, со следните податоци: Во судскиот регистар на регистарскиот суд се запиша бришењето на Сложената организација на здружениот труд — Музеи на Македонија — Археолошки, Етнолошки и Историски музеј, Н. Сол. О. — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 758/84. (304)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 558 од 28. VI. 1984 година, на регистарска влошка бр. 2-1613-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на поблиската адреса на Занатската услужна задруга „Сигма", Р. О. — Скопје, со следните податоци: Досегашното седиште — поблиската адреса на Занатската услужна задруга „Сигма", Р. О. — Скопје, ул. „Париска комуна" бр. 10 се менува, така што во иднина ќе гласи: Занатска услужна задруга „Сигма", Р. О. — Скопје, ул. „Битпазарска" бр. 125.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 558/84. (305)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 743 од 7. VII. 1984 година, на регистарска влошка бр. 1-1914-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Работната организација „Центар за унапредување на индивидуалното земјоделство" Ц. О. — Кратово, ул. „Маршал Тито" бр. 1.

РО „Центар за унапредување на индивидуалното земјоделство" Ц. О. — Кратово е основана со Одлуката на Собранието на општината Кратово, бр. 10-983/2 од 6. VI. 1984 година.

Основна дејност: 020201 — земјоделски услуги за растително производство.

Работната организација „Центар за унапредување на индивидуалното земјоделство Ц. О. — Кратово во правниот промет со трети лица иступува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица работната организација одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Благој Илиев, в.д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 743/84. (307)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 693 од 7. VII. 1984 година, на регистарска влошка бр. 2-1848-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената односно проширувањето на дејноста на Земјоделската задруга „Дервенд", Р. О. с. Групчин — Тетовско, со следните податоци: Се запиша проширувањето на дејноста на Земјоделската задруга „Дервенд" Р. О., с. Групчин — Тетовско со следните споредни дејности:

— откуп и промет на големо и мало со сите видови земјоделски и сточарски производи;

— организирање, вршење на градежни услуги — изведување земјани работи (копање на канали и други ископи);

— промет на мало со сите видови стоки за широка потрошувачка;

— промет на мало со сите видови јужно овошје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 693/84. (308)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 811 од 6. VII. 1984 година, на регистарска влошка бр. 1-820-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Медицинскиот центар „Академик проф. д-р Димитар Арсов" Ц. О. — Крива Паланка, ул. „Маршал Тито" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник д-р Раде Младеновски в. д. директор, а се запишува новиот застапник д-р Добре Павловски, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 811/84. (321)

---

## ЗАГУБЕН ПЕЧАТ

Загубениот тркалезен печат и четвртаст штембил под назив: „Месна заедница Општина Кочани — с. Зрновци" се огласуваат за неважни.

---

### Се огласуваат за неважни следните загубени документи:

Пасош на име Ѓорѓија Спасески, кеј „1 Мај" бр. 50, Прилеп. (6624)

Возачка дозвола на име Ресми Мемедоски, с. Велешта, Струга. (6630)

Лична карта на име Јакуп Ибраими, ул. „160" бр. 31, Тетово. (6665)

Возачка дозвола на име Јакуп Ибраими, ул. „160" бр. 31, Тетово. (6666)

Воена книшка на име Ариф Амети, ул. „Браќа Миладинови" бр. 211, Тетово. (6667)

Воена книшка на име Зендел Нецаим, с. Бозовце, Тетово. (6700)

Воена книшка на име Благој Гроздановски, бул. „Македонија" бб III/8, Кавадарци. (6731)

Воена книшка на име Осман Исмаили, с. Слупчане, Куманово. (6752)

Пасош бр. 033957 издаден од Македонски Брод, на име Сеферовски Зудија, с. Преглово, Македонски Брод. (6801)

Воена книшка на име Менсур Рустеми, ул. „Штипска" бр. 64, Тетово. (6803)

Сообраќајна дозвола на име Ванчо Стојанов, ул. „Панче Караѓозов" бр. 33, Штип. (6811)

Возачка дозвола издадена од СВР — Штип, на име Ванчо Стојанов, ул. „Панчо Караѓозев" бр. 33, Штип. (6812)

Сообраќајна дозвола бр. 325-27 на име Абдија Бајрами, с. Седларево, Тетово. (6879)

Воена книшка на име Шаити Шаити, ул. „Н. Нестор" бр. 48, Струга. (6895)

Воена книшка на име Земри Исмаили, с. Нераште, Тетово. (6901)

Воена книшка на име Ирфан Алимани, ул. „108" бр. 71, Тетово. (6938)

Возачка дозвола издадена во Гостивар, на име Меваидан Асани, с. Форино, Гостивар. (6954)

Воена книшка на име Стамен Стаменков, нас. Глишиќ, Кавадарци. (6960)

Возачка дозвола издадена од ОВР — Радовиш, на име Драги Митев, ул. „22 Октомври" бр. 18/II, Радовиш. (6973)

Пасош бр. МА 74639, издаден од СВР Гостивар на име Ајрадин Ваипи, с. Жировница, Гостивар. (7013)

Чековна книшка бр. 2297/17 и чекови бр. 0424212 до 0424220, издадени од Љубљанска банка, Скопје, на име Димитар Шимбов, Скопје. (7018)

Чек бр. 4446659 од 26. VI. 1984 година, на износ од 38.884,50 дин., издаден од РО „Хартија" Заеднички служби, Кочани. (7021)

Список на селидбени предмети царинети по УЦД. бр. 1546 и 1547 од 1. 10. 1984 година на име Благој Поповски, Скопје. (7027)

## СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 550. | Републички буџет за 1985 година — — | 849 |
| 551. | Закон за извршување на Републичкиот буџет за 1985 година — — — — — | 879 |
| 552. | Измени на Републичкиот буџет за 1984 година — — — — — — — — — | 881 |
| 553. | Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на судиите-поротници во Врховниот суд на Македонија, окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и во окружните стопански судови — | 881 |
| 554. | Одлука за именување членови на комисии за избор на декани на високообразовни организации — — — — — — — — | 882 |
| 555. | Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Советот на Медицинскиот факултет во Скопје — — — — — — — — — | 882 |
| 556. | Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за ортопедски болести при Медицинскиот факултет во Скопје — — — — — — — — — | 882 |
| 557. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Работничкиот совет на Специјалната болница за ортопедија, трауматологија и коскенозглобна туберкулоза — Охрид — | 883 |
| 558. | Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на ООЗТ Филозофски факултет во Скопје — — — — — | 883 |
| 559. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Болницата за душевни болести — Демир Хисар — — — — | 883 |
| 560. | Одлука за определување претставник на Собранието на СРМ во Одборот за следење на спроведувањето на Општествениот договор за утврдување на изворите на средствата за финансирање на стоковните резерви — — — — — — — — — | 883 |
| 561. | Одлука за изменување и дополнување на Програмата за користење на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи во 1984 година — — — — — — — | 884 |
| 562. | Одлука за одобрување на Програмата за користење на средствата на Републиката наменети за младински работни акции во 1984 година — — — — — — — — | 884 |
| 563. | Уредба за престанување на важноста на Уредбата за определување на количините на моторен бензин и дизел гориво за патничките возила, тракторите и машините врз основа на бонови — — — — — | 884 |
| 564. | Одлука за измена на намената на средствата за посебни намени утврдени со Републичкиот буџет за 1984 година — — | 884 |
| 565. | Одлука за зголемување на износите на инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација — — — — — — — — — | 885 |
| 566. | Одлука за зголемување на износите на материјалното обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна — — | 885 |
| 567. | Одлука за избор на претседател на Општествениот совет за прашања на општественото уредување — — — — — — | 885 |
| 568. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 138/84 од 12 декември 1984 година | 885 |
| 569. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 188/84 од 21 ноември 1984 година | 886 |


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**